ПРИЛОГ бр.1

# ПРАВИЛНИК ЗА ВИДОВИТЕ ТРОШОЦИ ПОДОБНИ ЗА НАДОМЕСТУВАЊЕ

**по Јавниот повик за надоместување на дел од трошоци на деловните субјекти за воведување и унапредување на концепт на циркуларна економија за 2024 година (развоен проект)**

Правилникот се однесува на активностите дадени во Јавниот повик за надоместување на дел од трошоци на деловните субјекти за воведување и унапредување на концепт на циркуларна економија за 2024 година, односно активностите дадени во дел I - Предмет на Јавниот повик и тоа:

1.1. Развивање и примена на циркуларни бизнис модели и/или организациони системи кои водат кон намалување на отпадот во понатамошниот процес за реализирање на проектот, и

1.2. Развивање на нови производи од рециклирани или секундарни суровини.

Подобни за надоместување се само трошоци поврзани со реализацијата на соодветната активност. Единствено трошоците за активностите настанати во временскиот период наведен во Јавниот повик, и за кои е извршено целосно плаќање на фактурите, може да бидат надоместени.

Трошоците за кои се бара надоместување треба да се за стоки, услуги и работи набавени од трети неповрзани лица (лица кои капитално или на кој било друг начин согласно закон се смета за поврзано лице со корисникот на финансиската поддршка), под реални пазарни услови и цена утврдена согласно меѓународни сметководствени стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

## ТРОШОЦИ ПОДОБНИ ЗА НАДОМЕСТУВАЊЕ

Трошоци подобни за надоместување се:

- Трошоци (исплатени во нето износ) за ангажирање на високо квалификуван персонал, односно персонални трошоци (истражувачи, техничари и друг кадар за поддршка, вработени или ангажирани на развојниот проект), до степенот до кој персоналот е вработен или ангажиран за потребите на развојниот проект;
- Трошоци за договорно истражување, техничко знаење и патенти, купени или лиценцирани од страна на надворешни извори, по пазарни цени, како и трошоци за консултантски и еквивалентни услуги кои исклучиво се користат за потребите на развојниот проект;
- Трошоци за набавка и/или изнајмување на инструменти, машини, опрема и потрошни материјали кои се користат за потребите на развојниот проект, до степенот до кој истите се користат за потребите на развојниот проект;

- Други трошоци настанати директно како резултат на развојниот проект (до 10% од вкупните настанати трошоци) - на пр. закупнина на деловен простор, режиски трошоци, телефон и интернет, и сл.;
- Трошоци за набавка на литература, како и развој и набавка на ИКТ решенија;
- Трошоци за изработка на Студија на реализираниот проект (Case Study) за промоција на резултатите.

Листата на подобни трошоци за надоместување не е исцрпна.

## ТРОШОЦИ НЕПРИФАТЛИВИ ЗА НАДОМЕСТУВАЊЕ

- Трошоци за набавка на добра, услуги и работи од домашни јавни претпријатија, освен режиски трошоци;
- Трошоци за набавка на транспортни возила;
- Додатоци на плата;
- Трошоци за камата или долг;
- Расходи и резервирања за минати и можни идни загуби или долгови;
- Загуби од курсни разлики;
- Трошоци за регрутирање на потребен персонал (трошоци за објавување на оглас, провизии од агенции за вработување, трошоци поврзани со селекција на кандидати и слично) и трошоци за преселба;
- Купување на земја или згради, вклучително и реновирање;
- Готовински исплати за потребите на развојниот проект;
- Извозни активности (трошоци директно поврзани со извоз на производи, со основање и работење на мрежа на дистрибуција и слично);
- Годишни такси за одржување на патент;
- Трошоци за реализација на активности кои претходно биле финансирани од други извори;
- Трошоци чие плаќање е направено со компензација;
- Трошоци за репрезентација (ручек, коктели и сл.);
- Износ на платен данок на додадена вредност (ДДВ), во случај кога деловниот субјект има право на поврат на ДДВ, и
- Износ на платени царински давачки.

Листата на неприфатливи трошоци за надоместување не е исцрпна.